Република Македонија
бр. ___________________
__________ Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за гаранција по Договор за заем за финансирање на проектот "Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3", кој ќе се склучи меѓу Дојче Банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:

- Мислења од Секретаријат за законодавство, Министерство за економија и ЗПВРМ Пешевски
- Образец за фискални импликации и Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договор за гаранција за проектот "Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3" меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Дојче Банка (на македонски и англиски јазик)
- Договорот за заем за проектот "Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3" меѓу АД ЕЛЕМ и Дојче Банка (на македонски и англиски јазик)

| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје,_____.01.2011 година | | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА<br>И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески**<br><br>_________________________ |
|---|---|---|

Подготвил: Ленче Божиноска
Согласен:м-р Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за гаранција по Договор за заем за финансирање на проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“, кој ќе се склучи меѓу Дојче Банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка

___________________________________

м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, јануари 2011 година

Подготвил: Ленче Божиноска
Согласен:м-р Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за гаранција по Договор за заем за финансирање на проектот "Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3", кој ќе се склучи меѓу Дојче Банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка што го утврди на седница _____________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Утврдените количини на јаглен од ПК Брод-Гнеотино, со својата техно-економска и експлоатабилна оправданост чинат гаранција за континуирано снабдување со јаглен и продолжување на векот на термоцентралите Битола за период до 2030 година.
Јужно од рудникот Суводол, на оддалеченост од 10 км, односно меѓу селата Брод и Гнеотино и реката Црна, на површината од околу 10 $км^2$ и надморска височина од 570-650 м, се наоѓа лежиштето на јаглен Брод – Гнеотино. Лежиштето детално е истражено со длабински истражни дупнатини во периодот од 1974 до 2004 година.
Согласно Главниот Рударски проект за отворање и експлоатација на ПК Брод-Гнеотино, во наоѓалиштето се утврдени геолошки резерви од 108 милиони тони јаглен. Од овие количини како експлоатациони се ограничени 32 милиони, односно годишно ќе се произведат по 2 милиони тони јаглен. Со овие количини на јаглен се обезбедува гориво за еден блок за наредниот период од 16-19 години.
Јагленот од Брод – Гнеотино има квалитативни карактеристики кои се мошне блиски со оние на јагленот од рудникот Суводол. Затоа, согорувањето во РЕК Битола се очекува да не предизвика никакви проблеми на котлите или помошните системи, што е и докажано во текот на 1991 година кога одредена количина на јаглен од лежиштето е согорена во котел 1 на блок 1.

Средствата предвидени за реализацијата на овој проект односно набавката на Главен Транспортен систем од ПК Брод-Гнеотино до Суводол, изнесуваат 17.318.462 евра од кои, средствата во износ од 2.597.769,30 евра ќе бидат обезбедени од АД ЕЛЕМ, додека 14.720.692,70 евра ќе бидат финансирани со заем од страна на Дојче банка.
За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 1.279.307,30 евра кој целосно ќе биде обезбеден од заемот од Дојче банка.
Имајќи го во предвид горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 16.000.000 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

На 142-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 07.04.2008 година, Владата даде согласност за поведување на постапка за добивање на заем обезбеден со државна гаранција на АД ЕЛЕМ, за проектот Површински коп Брод Гнеотино.

На 31-та затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 17.02.2009 година, избрана е Дојче банка за започнување на преговори за обезбедување на потребните финансиски средства.

На 24.04.2009 АД ЕЛЕМ објави тендер за набавка, испорака, монтажа и пуштање во работа на рударска опрема за рудниците во РЕК Битола со краен рок за доставување на понуди до 31.07.2009 година. Тендерот беше поделен на 4 лота (јагленов систем, главен транспортен систем со должина од 10 км и помошна опрема за ПК Брод Гнеотино, а набавката на јаловинскиот систем е за рудник ПЈС Суводол) со 2 опции за финансирање

(со кредит од Дојче Банка или финансирање од понудувачите) и две опции за опрема (нова и користена). По барање на понудувачите јавното отварање на понудите се одржа на 31.07.2009 година, и 15 понудувачи доставија понуди.

Согласно заклучокот на Влада бр.19-6294/2 од 23.12.2009 година избран е најповолен понудувач само за ЛОТ 3, за испорака и монтажа на опремата, ThyssenKrupp Fordertechnick Германија. За ЛОТ1, ЛОТ2 и ЛОТ 4 АД ЕЛЕМ ќе го преобјави тендерот. Овој заем од Дојче банка е наменет за финансирање само на ЛОТ 3.

Реализацијата на овој проект ќе значи и реализација на дел од големата инвестиција на АД ЕЛЕМ за отварање на површинскиот коп Брод – Гнеотино, која се проценува на 94 милиони евра.

Досега реализирана е набавка на багер и одлагач со финансиски средства обезбедени од KfW банката во износ од 16,6 милиони евра, и на самооден транспортер – бангваден со кредитно задолжување кај Стопанска банка во износ од 4,56 милиони евра.

До крајот на 2009 година од страна на АД ЕЛЕМ за отварање на површинскиот коп се инвестирани 29,72 милиони евра сопствени средства. Овие средства се вложени во изградаба на инфраструктурни објекти, Трафостаница ТС 110/6 кВ, со приклучен далекувод, започната е изградбата на руднички круг, отварање на усекот, 15%учество за обезбедување на претходно наведените кредитни средства.

Преговорите со Дојче банка за обезбедување на потребните средства за реализацијата на проектот "Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3", завршија на 14.01.2011 година. По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Р. Македонија и неговото објавување во Сл. Весник на Р. Македонија, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Дојче банка, и
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД ЕЛЕМ и Дојче банка.

Наведените договори се во прилог на овој материјал.

Согласно став 4, член 22 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ бр. 62/05 и 88/08), во име на Република Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за гаранција.

Оттука, Владата на Република Македонија изготви: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот "Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3", кој ќе се склучи меѓу Дојче Банка и АД ЕЛЕМ, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Причината за приоритетноста на овој проект, произлегува од фактот, набавката на потребната опрема ќе овозможи отворање на површинскиот коп што претставува неопходна потреба бидејќи со завршувањето на експлоатацијата на јагленот од постојниот рудник Суводол ќе престане и работата на термоцентралите. Од целокупното производство на електрична енергија во Република Македонија околу 70% се обезбедува од РЕК Битола, која работи на утврдените резерви на јаглен од рудник Суводол. Утврдените количини на јаглен од ПК Брод-Гнеотино, со својата техно-економска и експлоатабилна оправданост чинат гаранција за континуирано снабдување со јаглен и продолжување на векот на термоцентралите Битола за период до 2030 година. Со овие количини на јаглен се обезбедува гориво за еден блок за наредниот период од 16-19 години.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е: обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“

Оттука, Република Македонија и Дојче банка ќе склучат Договор за гаранција на АД ЕЛЕМ по проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“, додека Дојче банка и АД ЕЛЕМ, ќе склучат Договор за заем по истоимениот проект, во износ од 16.000.000 евра.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Средствата предвидени за реализацијата на овој проект односно набавката на Главен Транспортен систем од ПК Брод-Гнеотино до Суводол, изнесуваат 17.318.462 евра од кои, средствата во износ од 2.597.769,30 евра ќе бидат обезбедени од АД ЕЛЕМ, додека 14.720.692,70 евра ќе бидат финансирани со заем од страна на Дојче банка.
За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 1.279.307,30 евра кој целосно ќе биде обезбеден од заемот од Дојче банка.
Имајќи го во предвид горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 16.000.000 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ГЛАВЕН ТРАНСПОРТЕН СИСТЕМ ОД ПК БРОД ГНЕОТИНО ДО СУВОДОЛ-ЛОТ 3“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ДОЈЧЕ БАНКА И АД ЕЛЕМ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција по Договор за заем за финансирање на проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“, кој ќе се склучи меѓу Дојче Банка и АД ЕЛЕМ, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за гаранција по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ за проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“ во износ од 16.000.000 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем. Република Македонија претставувана од Министерството за финансии ќе склучи Договор за гаранција со Дојче банка.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ за проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Заемот ќе се отплаќа во 17 еднакви полугодишни рати. Првата отплата треба да започне 6 месеци по започнувањето на активностите на проектот, но не подоцна од 27 февруари 2012 година.

Каматна стапка е варијабилна каматна стапка ЕУРИБОР плус 1,55% годишно.

Член 5

Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем од член 1 на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво се плаќа провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Провизијата од ставот 2 од овој член се плаќа квартално од датумот на склучување на Договорот за заем.

На обврските поврзани со отплатата на заемот од член 1 од овој закон кои нема да се

платат во предвидените рокови ќе се плаќа казнена камата во висина на каматната стапка зголемена за 2 процентни поени годишно.

На останатите обврските поврзани со заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа надоместок на штета во висина на каматната стапка зголемена за 2 процентни поени годишно.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ се обврзуваат да склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Средствата предвидени за реализацијата на овој проект односно набавката на Главен Транспортен систем од ПК Брод-Гнеотино до Суводол, изнесуваат 17.318.462 евра од кои, средствата во износ од 2.597.769,30 евра ќе бидат обезбедени од АД ЕЛЕМ, додека 14.720.692,70 евра ќе бидат финансирани со заем од страна на Дојче банка.
За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 1.279.307,30 евра кој целосно ќе биде обезбеден од заемот од Дојче банка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 16.000.000 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

За таа цел, ќе се склучат следните договори:

- Договор за гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Дојче банка,
- Договор за заем кој ќе се склучи меѓу АД ЕЛЕМ и Дојче банка, и
- За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Со цел склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, потребно е да се донесе Закон за издавање на државна гаранција согласно постапката за издавање на државна гаранција утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ по проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“ во износ од 16.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Заемот ќе се отплаќа во 17 еднакви полугодишни рати. Првата отплата треба да започне 6 месеци по започнувањето на активностите на проектот, но не подоцна од 27 февруари 2012 година. Подмирувањето на обврските за отплата на заемот ќе се врши согласно планот за отплата кој ќе биде доставен од страна на Дојче банка.

Каматна стапка е варијабилна каматна стапка ЕУРИБОР плус 1,55% годишно.

На барање на АД ЕЛЕМ може да се направи конверзија на каматната стапка во фиксна каматна стапка според рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Провизии: Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем од член 1, но во секој случај пред првото повлекување, на средства од заемот ќе се плати

еднократна провизија на Дојче банка, во износ од 0,625% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво АД ЕЛЕМ ќе плати провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

АД ЕЛЕМ провизијата за неповлечени средства ќе ја плаќа квартално од датумот на склучување на Договорот за заем.

На обврските поврзани со отплатата на заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на каматната стапка, зголемена за 2 процентни поени годишно.

На останатите обврските поврзани со заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа надоместок на штета во висина на каматната стапка, зголемена за 2 процентни поени годишно.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Реализацијата на проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“ ќе овозможи користење на јаглен од рудникот Брод Гнеотино. Утврдените количини на јаглен од ПК Брод-Гнеотино, со својата техно-економска и експлоатабилна оправданост чинат гаранција за континуирано снабдување со јаглен и продолжување на векот на термоцентралите Битола за период до 2030 година. Согласно Главниот Рударски проект за отворање и експлоатација на ПК Брод-Гнеотино, во наоѓалиштето се утврдени геолошки резерви од 108 милиони тони јаглен. Од овие количини како експлоатациони се ограничени 32 милиони, односно годишно ќе се произведат по 2 милиони тони јаглен. Со овие количини на јаглен се обезбедува гориво за еден блок за наредниот период од 16-19 години.

Средствата предвидени за реализацијата на овој проект односно набавката на Главен Транспортен систем од ПК Брод-Гнеотино до Суводол, изнесуваат 17.318.462 евра од кои, средствата во износ од 2.597.769,30 евра ќе бидат обезбедени од АД ЕЛЕМ, додека 14.720.692,70 евра ќе бидат финансирани со заем од страна на Дојче банка.
За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 1.279.307,30 евра кој целосно ќе биде обезбеден од заемот од Дојче банка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 16.000.000 евра.

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ по проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“ во износ од 16.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.